РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
Су.бр.0102-445/2020
29.12.2020 година
Скопје

Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ"бр.58/06, бр.150/10 и 83/18) и член 112 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ"бр.66/2013,114/2014), на седницата на судии на Вишиот управен суд, одржана на ден 25.12.2020 година, го утврди следниот:

**РАСПОРЕД**
**ЗА РАБОТА НА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД**
**ЗА 2021 ГОДИНА**
**за претседателот на судот и судиите**

Претседател на Виш управен суд е Исмета Амет.

За заменик на претседателот на Виш управен суд, се определува судија Загорка Тноковска.

Заменикот на претседателот на Судот, освен редовната судиска работа, ќе го заменува претседателот, во случај на негово отсуство или спреченост да ја извршува својата функција

I

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Претседателот на судот, ја организира и координира работата во судот, ја обезбедува примената на Уставот на Република Северна Македонија, Законот за судови, Законот за судска служба, Законот за управување со движење на предмети во судовите, Судскиот деловник, постапува по предметите од судската управа, евидентирани во евидентните книги „СУ", „СУ ДОВ" и „СТР ДОВ", по претставките и предлозите, евидентирани во евидентната книга „УПП", по предмети од слободен пристап до информации од јавен карактер, евидентирани во евидентната книга „СПИ"; ги свикува седниците на судиите, на кои се разгледуваат и усвојуваат извештаи за работа на судиите во судот, се разгледуваат извештаите на судиите од Управен суд, се дискутира за правни прашања, поврзани со предметите, по кои судиите одлучуваат, изготвување на Билтени со сентенци по завршени предмети, како ги врши други предвидени работни задачи според Законот за судовите Законот за управување со движење на предмети во судовите и Судскиот деловник.

## РАБОТНО ТЕЛО

Претседателот на Вишиот управен суд, формира работно тело, кое ќе му помага по прашањата од примената на Законот за судовите, Законот за управување со движење на предмети во судовите, Судскиот деловник, во изготвување на извештаи на Вишиот управен суд, согласно член 16 од Судски деловник.

Во состав на Работното тело ќе членуваат претседателите на советите при Виш управен суд и тоа: судиите Анита Данилова, Владанка Панчурова Сулејманова, Загорка Тноковска и Лидија Каначковиќ, како и раководител на судско одделение Верица Гавровска Петровска, Љупка Илиеска, како раководител на одделение за информатика и раководителот на одделението за финансиско и материјално работење Зоран Јовановски.

II

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СУДСКИ СОВЕТИ

Работата по предметите во Вишиот управен суд, се одвива во следните специјализирани судски совети. Согласно член 66 став 3 судски оддели во судот ќе се формира доколку на ист вид предмети работат повеќе од 5 судии.

### I – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА:

Формиран е еден судски совет. Во овој судски совет, се одлучува за:

Права од областа од градежништво и водостопанство: одобрение за градење, рушење на објекти, запирање, прекин, отстранување на градба, времен објект, одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација, одобрение за употреба на објект, решение за локациски услови, легализација, легализација на градба, одобрение за изградба на водостопански објект и водостопанска согласност; локациски услови, урбанистичка согласност, Мерки на инспекциски надзор од областа на градежништво и водостопанство: одобрение за градење, одобрение за употреба на објект, за запирање, уривање, прекин, отстранување на градба, времен објект,одобрение за реконструкција, пренамена, адаптација, решение за локациски услови, одобрение за изградба на водостопански објект и водостопанска согласност; закуп на објекти, договори за закуп, одлука за раскинување на договор за закуп. права од приватизација и трансформација на градежно земјиште, права за предимствено право на користење на градежно земјиште, доделување и одземање на градежно земјиште, надомест за користење градежно земјиште, утврдување содржина на недвижности, запишување во катастар на недвижности, поништување на потврди издадени од Агенцијата за катастар на недвижности, измена во катастарска евиденција, брисовни тужби по Законот за катастар, трансформација, трансформација на претпријатија со општествен капитал, денационализација, експропријација, деекспропријација, заштита на лични податоци, пристап до информации од јавен

карактер, класифицирани информации, утврдување статус на неактивен субјект, област од Централен регистар, заштита на споменици, забрана на дејност, возила, економија, сертификати, молчење на администрација на органите на управата во напред наведените области, управни договори во напред наведените области, сите прекршоци од горе наведените области и прекршоци од МВР, повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15), оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни ибвинители Павел Шатев, Скопје и изборни предмети.

II

## II – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ПЕНЗИИ, ИНВАЛИДСКИ, СОЦИЈАЛНИ, ЗДРАСТВЕНИ ПРАВА, ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС, ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ПРАВА

Формиран е еден судски совет.

Во овој совет, се одлучува за правата на сите видови пензии: старосна пензија, инвалидска пензија, семејна пензија, земјоделска пензија, мирновремена воена инвалиднина, најнизок износ на пензија, нов износ на пензија, усогласување на пензија, утврдување на стаж на осигурување - пензиски стаж и сите права на паричен надоместок кои произлегуваат од пензиско и инвалидско осигурување, сите права на паричен надоместок, права на паричен надоместок за телесно оштетување; професионална рехабилитација; права од социјално осигурување: придонеси за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување од работни односи; сите права на социјална помош и други права од социјална заштита според Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" бр 79/09.... 51/18), сите права на парична помош од социјална заштита: гарантирана минимална помош; надоместок заради попреченост; надоместок за помош и нега од друго лице; надоместок на плата за скратено работно време; додаток за домување; траен надоместок и еднократна парична помош, според Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија" број 104/19....146/19); Право на социјална сигурност за старите лица, според Закон за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на Република Македонија" број 104/19); Права за заштита на децата,: детски додаток; посебен додаток; еднократна парична помош за новороденче; родителски додаток за дете и партиципација; право за остварување на видување помеѓу родител, старател и деца; право на посвојување на дете, старателство, права од здравствена заштита и здравствена заштита на децата; сите права од здравствено осигурување, права од задолжително здравствено осигурување; право и надомест за лекување во земјата и во странство; право на надоместоци за набавени лекови и медицински помагала; права по основ на невработеност; надоместок по основ на невработеност; евиденција по основ на невработеност; права од област образование; област станбени прашања; права од финансиска поддршка за рурален развој, надоместоци за заклан добиток, поврат на средства од сите видови субвенции; права од област: животна средина, шумарство, ветеринарство, лов, риболов и сточарство; оружје, добивање и престанок на дозволи за носење оружје и негово одземање; добивање и одземање патни исправи, државјанство, живеалиште и престојувалиште (пријава, одјава и престанок); матична евиденција на граганите; јавни набавки, концесии, хартии од вредност; енергетика; банки; спорови за конкуренција (доминитна позиција), игри на среќа, дозвола од игри на

среќа; права од добивање и престанок на лиценци за работа на здравствени организации и други видови институции, правни лица, поединец од јавен и приватен сектор; одземање овластување на овластен геодет; комунална дејност; основ разрешување од должност - носители на јавна функција, обвинители, нотари, извршители, адвокати и дисциплински постапки, разрешување од должност од областа на образованието, дискриминација; санитарна и здравствена инспекција во областа на здравството; електронски комуникации; радиодифузија; линиски превоз; воздухопловство; стопанство; мерки на инспекциски надзор од областа на електронски комуникации: мерки на инспекциски надзор од страна на Советот за радиодифузија, мерки на инспекциски надзор од областа на комунална дејност; мерки на инспекциски надзор од областа: животна средина, земјоделството, шумарство, ветеринарство, лов, риболов и сточарство, мерки на инспекциски надзор од областа на линиски превоз, мерки на инспекциски надзор од областа на работните односи, од областа на образованието, мерки на инспекциски надзор од областа на стопанството, молчење на администрација и управни договори од сите горе наведени области; сите прекршоци од горе наведените области и прекршоци од МВР, повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15), оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни ибвинители Павел Шатев, Скопје и изборни предмети.

## III – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ДАНОЧНИ, ЦАРИНСКИ, И ДРУГИ ПРАВА

Во овој специјализиран судски совет се формираат два совети, еден совет кој ќе одлучува за правата од областа за даноци и други права и еден совет кој ќе одлучува за правата од областа за царински давачки и други права

1.Советот за правата од областа за даноци и други права ќе одлучува за сите видови даноци и тоа: персонален данок; данок на добивка, данок на додадена вредност, данок на имот, даночен долг, контрола на данок, даночен гарант, сите видови на данок на промет, присилна наплата, одлагање на извршување за наплата, комунална такса, права од индустриска сопственост и интелектуална сопственост, трговски марка, авторски права, присилно извршување на судска такса, молчење на администрација и управни договори од горе наведените области, прекршоци од областа на даноци и повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15, изборни предмети донации и спонзорства и оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, Скопје.

2.Советот за правата од областа за царини и други права ќе одлучува за: царински давачки, акцизи, правата од област азил, статус на бегалец, молчење на администрација и управни договори од горе наведени области, како и царински, акцизни и девизни прекршоци и повреда на административна процедура според Законот за Влада на Република Македонија, Службен весник на РМ бр. 59/2000... бр.196/15, изборни предмети и оспорени решенија на Управен одбор на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, Скопје.

III

Со советите раководат судии, претседатели на совети.

**1.** Во I-от специјализиран судски совет за имотно – правна област и други права, се формира еден совет, во кој се распоредуваат судиите: судија Анита Данилова – Претседател на совет, судија Лидија Георгиевска, судија Рина Исени и судија Емрије Зубери, членови на совет.

**2.** Во овој специјализиран судски совет се формира совет од петмина судии, кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд како суд пред кој е завршена постапката, од областите кои се во надлежност на советот, во кој се распоредуваат судиите: судија Анита Данилова – Претседател на советот, судија Лидија Георгиевска, судија Рина Исени, судија Субхи Јакупи и судија Светлана Костова, членови на советот.

**3.** Во II –от специјализиран судски совет за пензиски, инвалидски, социјални права, здравствени права, права од работен однос, финансиски и други права, се формира еден судски совет, во кој се распоредуваат судиите: Владанка Панчурова Сулејманова – Претседател на совет, судија Фани Илиевска и судија Дијана Димитрова, членови на совет .

**4.** Во овој специјализиран судски совет се формира совет од петмина судии, кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд како суд пред кој е завршена постапката, од областите кои се во надлежност на советот, во кој се распоредуваат судиите: судија Владанка Панчурова Сулејманова – Претседател на советот, судија Фани Илиевска, судија Дијана Димитрова, судија Рина Исени и судија Виолета Илиевска, членови на советот.

**5.** Во III –от специјализиран судски совет за, даночни, царински и други права, се формираат два судски совети.

Во првиот совет за даночни и други права, се распоредуваат судиите: судија Лидија Каначковиќ – Претседател на совет, судија Субхи Јакупи и судија Светлана Костова - членови на совет.

Во првиот совет за даночни и други права се формира совет од петмина судии, кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд, како суд пред кој е завршена постапката, од областите кои се во надлежност на овој совет, во кој се распоредуваат судиите: Лидија Каначковиќ- претседател на совет, судија Субхи Јакупи, судија Светлана Костова, судија Мирјана Василевска и судија Виолета Илиевска – членови на советот.

Во вториот совет за царински давачки и други права се распоредуваат судиите: Загорка Тноковска – Претседател на совет, судија Мирјана Василевска и судија Виолета Илиевска, членови на совет.

Во вториот совет за царински давачки и други права се формира совет од петмина судии, кои ќе одлучуваат по тужбите за повторување на постапка по одлуки кои ги донел Вишиот управен суд, како суд пред кој е завршена постапката, од областите кои се во надлежност на овој совет, во кој се распоредуваат судиите: Загорка Тноковска– претседател на совет, судија Мирјана Василевска, судија Виолета Илиевска, судија Субхи Јакупи и судија Светлана Костова - членови на советот.

**7.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Анита Данилова како претседател на совет од четири судии и како претседател на совет од петмина судии во првиот специјализиран судски совет, ја заменува судија Владанка Панчурова Сулејманова – Претседател на совет. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Владанка Панчурова Сулејманова, како замена на судија Анита Данилова, ке ја заменува судија Загорка Тноковска – Претседател на совет.

**8.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Владанка Панчурова Сулејманова како претседател на совет од тројца судии и како претседател на совет од петмина судии во вториот специјализиран судски совет, ја заменува судија Анита Данилова – Претседател на совет. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Анита Данилова како замена на судија Владанка Панчурова Сулејманова, ке ја заменува судија Лидија Каначковиќ– Претседател на совет.

**9.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Лидија Каначковиќ како претседател на совет од тројца судии и како претседател на совет од петмина судии во третиот специјализиран судски совет за даночни и други права, ја заменува судија Загорка Тноковска – претседател на совет за царини и други права. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Загорка Тноковска, како замена на судија Лидија Каначковиќ, ке ја заменува судија Владанка Панчурова Сулејманова —Претседател на совет.

**10.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Загорка Тноковска како претседател на совет од тројца судии и како претседател на совет од петмина судии во третиот специјализиран судски совет за царински давачки и други права, ја заменува судија Лидија Каначковиќ – претседател на совет за даноци и други права. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на судија Лидија Каначковиќ, како замена на судија Загорка Тноковска, ке ја заменува судија Анита Данилова -Претседател на совет.

**11.** Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на член на совет од одреден специјализиран судски совет, замена на членот на советот, ќе се врши по истиот редослед, како е утврдено за претседателот на советот, погоре наведен. Во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на заменикот на член на совет, истиот ќе се заменува по редослед, како е утврдено за претседателот на советот.

**12.** Во советите во кои се распоредени по четворица судии, во случај на отсуство, спреченост или други оправдани причини на член на совет, истиот ќе го заменува друг член кој е присутен. Доколку отсуствува или е спречен и другиот член, во тој случај замената на членовите на советот, ќе се врши согласно глава I I I точка 11 од овој распоред.

Седниците за судење на судиите (јавни и нејавни), кои судат во советите, се одржуваат според Планот за судење, секој месец, донесен од судијата Претседателот на советот, со претходен договор на судиите, членови на советот, со определување на денови во неделата, како и со објава на судењата во фолдерот судска управа, претходно за времето на почеток на судењата. Седниците на советите кои одлучуваат по тужбите за повторување на постапка се одржуваат по потреба.

Седниците на судиите, со претседателот на судот, ќе се одржуваат најмалку еднаш во месецот. На седниците на судиите, ќе се разгледуваат месечните извештаи на судиите, ќе се расправаат спорните правни прашања, како и други прашања поставени од судиите. Судиите се обврзани да ги подготвуваат сентенците, правните сваќања за одредени правни прашања, кои ќе ги завземаат при одлучувањето по однос на одредени предмети, најмалку на секои 3 месеци, за што ќе се состави Билтен и истиот ќе се објави на Веб страната на судот.

Претседателите на советите, се должни да го известат Претседателот на судот за свикување на седница на судии, доколку дојде до различни ставови на два судски совета и спорото прашање ќе се изнесе на седница на судиите, согласно член 70 и член 71 од Судскиот деловник, заради изедначување на судската пракса во судот.

Вишиот управен суд како второстепен суд, ќе врши квартални редовни и вонредни посети на Управниот суд Скопје, најмалку 3 пати во годината, заради увид во неговата работа, како и за прибирање податоци во врска со примената на законите, следењето и изедначувањето на судската практика и други податоци. Претседателот на судот врши посета во Управниот суд, најмалку еднаш во тековната година, а по потреба свикува седница заедничка на судии на Управниот суд и Вишиот управен суд, заради разрешување на спорни правни прашања. Извештаите за извршена посета, Претседателите на советите ќе бидат должни да ги изготват во рок од 3 дена и да ги достават до Претседателот на судот, кој ги проследува до Судски совет на Република Македонија и до Управен суд. Извештаите изготвени од Претседателите на советите треба да содржат целокупна анализа на работењето на судиите во Управниот суд, како и предлог мерки за надминување на состојби во поглед на изедначувањето на судската практика.

Во рамките на Виш управен суд, ќе бидат ангажирани Претседателот на судот, судиите, раководните и стручните судски службеници, за следење на судска пракса, па доколку има отстапување од истата, судиите на седница ќе изградат ставови и решенија. Претседателите на советите, треба да се грижат да нема за исти правни прашања, различни одлуки, па затоа ќе треба да има професионална комуникација помеѓу нив и да ги разменуваат своите правни ставови, преку закажување на работни состаноци или на седница на судии, да се изнесат отстапувањата, а пред се заради зајакнување на правната сигурност на

граганите. По потреба, ќе се подготвуваат анализи, извештаи и информации во врска со следењето на судската практика. Се евидентираат ставовите и мислењата, утврдени во специјализираните судски совети,изразени на седница на судии, па потоа се евидентираат во Билтените, кои се објавуваат на Веб страната на судот, заради транспаретност на судот.

Времето за прием на странки во Судот е секој работен ден од 09:00 часот до 14:30 часот.

Ден за прием на странки кај Претседателот на судот е секој вторник од 10:00 часот до 13:00 часот.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД
ИСМЕТА АМЕТ